Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 19//0306
12.02 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09.01.2025 година, врз основа на примена жалба од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Млада скопјанка пријавена за нешто што го прави речиси секоја мајка во Македонија“,** објавен на онлајн медиумот „Њуз24лајв“ (News24live.com), на 13.12.2024 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот „КВИР ЦЕНТАР“, на 13.12.2024 г. до СЕММ упати жалба за текстот со наслов „Млада скопјанка пријавена за нешто што го прави речиси секоја мајка во Македонија“, објавен на онлајн медиумот „Њуз24лајв“ (News24live.com) на 13.12.2024 г. и на Фејсбук налогот на овој портал, при што се жали на неусогласеност на насловот со содржината на текстот. Меѓу другото, жалителот наведува:

„Насловот („Млада скопјанка пријавена за нешто што го прави речиси секоја мајка во Македонија“) манипулира и ја минимизира сериозноста на настанот.Тврдењето дека „речиси секоја мајка во Македонија“ прави вакво нешто е опасно и ја нормализира насилничката практика, што е неприфатливо. Овој тип на соддржина не смее да се претстави како нешто „нормално“ или „секојдневно.“

Од „КВИР ЦЕНТАР“ уште сметаат дека ваквиот пристап поттикнува толеранција кон семејното насилство, што дополнително може да ги обесхрабри жртвите да пријавуваат вакви или слични случаи.

Во жалбата во прилог се доставени целата содржина во пдф формат, линкови од Фејсбук налози на медиумот кон кој е упатена жалбата, како и компјутерски скриншот од друг медиум од кој се гледа дека содржината е идентична.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Млада скопјанка пријавена за нешто што го прави речиси секоја мајка во Македонија“, објавен на онлајн медиумот „Њуз24лајв“ (News24live.com), на 13.12.2024 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 1 и 10 од Кодексот на новинарите на Македонија и точката 9.1 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите на СЕММ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и потврди дека станува збор за текст кој третира прашање што е од јавен интерес, односно прашање поврзано со семејното насилство и воспитувањето на децата. Комисијата, исто така, констатираше дека во меѓувреме и од страниците на порталот и од Фејсбук налогот на порталот спорната содржина била избришана.

При деталното разгледување на обжалената содржина Комисијата констатираше дека медиумот во текстот/вест се повикува на објава на МВР од нивниот дневен билтен. До тука, самата содржина на веста е коректна. Но потоа, редакциската интервенција во насловот ѝ дава сосема нова перспектива на содржината, со што медиумот свесно презентира невистинити информации како факти.

Од тука, етичките обврски на медиумот се прекршени во смисла дека насловот на текстот - „Млада скопјанка пријавена за нешто што го прави речиси секоја мајка во Македонија", не одговара на содржината, со што е пласирана невистина како факт (Чл.1) и затоа Комисијата го прифаќа образложението на жалителот дека е направена свесна манипулација со сензационалистички пристап, со цел да се добие што поголема читаност.

Втората етичка забелешка на Комисијата се однесува на тоа што насловот во таква форма го релативизира насилството врз децата како нешто прифатливо и нормално и притоа, таквото „нормално" го припишува на сите жени-мајки. Со тоа се прекршува професионалната и етичка норма, според која медиумот не смее свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права и слободи, ниту да поттикнува или оправдува насилство врз која било основа, што е прецизно регулирано во Кодексот на новинарите (Чл.10).

Комисијата, исто така, забележува дека онлајн медиумот не се придржувал до Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, кои упатуваат како медиумите треба да ги третираат прашањата поврзани со децата и малолетниците, при што се бара екстремна внимателност. И согласно општите законски норми, но и според специфичните етички и професионални стандарди во новинарството (Чл.9.1).

Исполнувањето на овие професионални и етички обврски на медиумот добива исклучителна тежина кога станува збор за известување за деца и малолетници, особено имајќи предвид дека децата треба да бидат заштитени од сите форми на физичко или ментално насилство, повреда, злоупотреба, занемарување, малтретирање или експлоатација (член 19 од Конвенцијата за правата на детето).

Со цел да укаже на сите специфични етички правила од аспект на заштитата на децата и младите, Советот за етика донесе и посебни Препораки за етичко известување за деца и млади што медиумите треба да ги имаат предвид во своето известување. Поради сето ова, Комисијата смета дека се прекршени членовите 1 и 10 на Кодексот на новинари на Македонија и членот 9.1 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите на СЕММ:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 10**

Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка…).

**Член 9.1**

Онлајн медиумите мошне внимателно ќе постапуваат при известувањето за деца и малолетници, почитувајќи ги одредбите на Конвенцијата за правата на децата. Во своето известување, онлајн медиумите ќе ги заштитуваат интересите што одат најмногу во прилог на децата, вклучувајќи го и застапувањето за детските прашања и унапредување на нивните права.

*** * ***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Снежана Трпевска, Жана Божиновска, Тамара Чаусидис, Зериета Јајага и Димитар Мицев.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595